Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа „Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 73 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" број 140/2008, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 308/20, 87/23, 148/25 и 160/25 и 258/25), Министерот за внатрешни работи донесе

# ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА КОРИСНИЧКИ ПРОФИЛ НА ДИГИТАЛНАТА ПЛАТФОРМА НА МИНИСТЕРСТВОТО Е-МВР И НАЧИНОТ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА Е-ПОШТА И БРОЈ НА МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТОРЕН СООБРАЌАЕН ПРЕКРШОК ПРЕКУ СИСТЕМОТ БЕЗБЕДЕН ГРАД

## Предмет
## Член 1

Со оваа процедура се пропишуваат правилата, начинот и условите за регистрација на кориснички профил на дигиталната платформа на Министерството за внатрешни работи (Е-МВР), како и постапката за верификација на адреса на електронска пошта и телефонски број на мобилен телефон на субјектите на лични податоци, потребни за електронско известување за сторени сообраќајни прекршоци преку системот „Безбеден град".

## Цел
## Член 2

Целта на оваа процедура е да обезбеди точни и навремено ажурирани контакт-податоци, сигурно и законски усогласено известување, како и заштита на личните податоци.

## Дефинирање на поими
## Член 3

Во рамки на оваа процедура се користат поими кои го имаат следното значење:

1. **Субјект на лични податоци** – физичко лице кое е сопственик или корисник на возило, или одговорно лице во правно лице кое управува или користи возило.
2. **Контролор** – Министерството за внатрешни работи.
3. **Дигитална платформа (Е-МВР)** – систем преку кој Министерството за внатрешни работи нуди пристап до услуги согласно закон и овозможува увид и ажурирање на податоци од страна на граѓаните.

**Регистрација на кориснички профил**
**Член 4**

(1) Регистрација на кориснички профил се врши на Дигиталната платформа во три фази кои опфаќаат:

- внесување на лични податоци;
- креирање на кориснички профил со дефинирани контакт-информации;
- задолжителна активација на профилот преку код за верификација добиен на е-пошта и СМС порака.

(2) Регистрацијата на кориснички профил може да биде за:

- физичко лице и
- одговорно лице во правно лице.

(3) Лицата од ставот (2) на овој член ги внесуваат следните податоци:

- име и презиме;
- матичен број;
- датум на важност на лична карта и број на лична карта;
- датум на раѓање;
- електронска адреса;
- телефонски број на мобилен телефон и
- лозинка.

(4) Покрај внесување на податоците од ставот (3) на овој член, се врши и верификација на лицето кое се регистрира.

(5) По внесување на потребните податоци, лицата од ставот (2) на овој член ги внесуваат активациските кодови испратени на нивната електронска пошта и телефонски број.

**Верификација на е-пошта**
**Член 5**

(1) Верификацијата на адресата на електронска пошта се врши преку автоматски генериран код за верификација со важност од 30 минути, испратен преку дигиталната платформа.

(2) Потврдата на електронската адреса се врши:

- при регистрација на кориснички профил или
- при ажурирање на контакт-податоци, по претходно пополнет и потврден образец доставен на соодветните шалтери определени за оваа намена.

## Верификација на телефонски број
## Член 6

(1) Верификацијата на телефонскиот број на мобилен телефон се врши преку СМС  порака која содржи код за верификација со важност од 30 минути.

(2) Потврдата на телефонскиот број се спроведува:

- при регистрација на кориснички профил, или
- при промена на контакт-податоци, по поднесување и потврда на образец на надлежните шалтери.

## Непотврдени податоци
## Член 7

(1) Погрешно, нецелосно или тековно непроменети податоци доставени од страна на субјектот на лични податоци, ќе биде санкционирано согласно Закон.

(2) За точноста и ажурирање на податоците одговорен е субјектот на личните податоци, согласно закон.

## Завршна одредба
## Член 8

Оваа процедура влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното донесување.